# РАБОТНА ПОСЕТА НА ПРЕТСТАВНИЦИ ОД РАКОВОДНИОТ КАДАР НА МАКЕДОНСКИОТ ЗАТВОРСКИ СИСТЕМ ВО РЕПУБЛИКА УНГАРИЈА

**11-13 мај 2015**

Во периодот од 11 до 13 мај 2015 година, во рамките на ИПА Проектот 2009 "Јакнење на капацитетите на органите за спроведување на законот за соодветно постапување со задржани и осудени лица", се реализираше работна посета во Република Унгарија со цел размена на искуства од областа на менаџирањето и раководењето со затворскиот систем.

На посетата учествуваа претставници од раководниот кадар на македонскиот затворски систем кои ја посетија Централната Управа за извршување на санкциите лоцирана во Будимпешта и два затвори во Егер и Алампуста.

Во текот на посетата беа споделени искуства од областа на раководењето со затворскиот систем, кои ќе им помогнат на претставниците од македонскиот затворски систем да ги унапредат своите менаџерски вештини во текот на нивното секојдневно работење и раководење со затворските установи.